РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ

Бр. 04-36/4
31.01 2020 год.

Врз основа на член 143 став 17 од Законот за заштита на децата на РМ (Службен весник на РМ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18, Службен весник на РСМ бр. 104/19, 146/19 и 275/19), член 8 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и дејноста одмор и рекреација на децата и Решение од Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен РО. Бр. 0904-341 од 16.01.2020 година, в.д. Директорот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе на ден 31.01.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

За избор за вработување на еден (1) Приправник Негувател на неопределено време со шифра ДЕЗ 03 03 Д04 001

1. По спроведената постапка за селекција врз основа на јавен оглас број 06/2019 година, за вработување на 1 (еден) Приправник Неговател на неопределено време со шифра ДЕЗ 03 03 Д04 001 се избира следниот кандидат:

   - **Јасминка Митева**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На јавниот оглас 06/2019 за вработување на еден (1) Приправник Неговател на неопределено време со шифра ДЕЗ 03 03 Д04 001 се пријавија три кандидати, Јасминка Митева со Пријава заведена под број 04-96/51 од 11.12.2019 година, Сузана Крстевска со Пријава заведена под број 04-96/53 од 12.12.2019 година и Станка Василевска со Пријава заведена под број 04-96/54 од 12.12.2019 година. Комисијата при вршење на проверката на внесените податоци во пријавата и приложените докази утврди дека сите пријавени кандидати ги имаат сите потребни докази, односно сите документи за докажување на општите и посебните услови утврдени во јавниот оглас и спроведе проверка на способноста преку интервју. В.д. Директорот донесе првостепена Одлука за избор на кандидат број 04-96/67 која со Решение од Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен РО. Бр. 0904-341 од 16.01.2020 е поништена и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепениот орган.

При повторното постапување согласно насоките содржани во Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, комисијата за селекција не спроведе проверка на способноста и состави ранг листа без редни броеви и без предлог за прворангиран кандидат од причина што утврди дека сите кандидати дале точни податоци во пријавата и приложиле веродостојни докази во пријавата.

Со оглед на тоа, а врз основа на насоките содржани во Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен в.д. Директорот го искористи своето дискреционо право на избор и донесе Одлука за избор на кандидатот Јасминка Митева.

Согласност за вработување е обезбедена од Министерство за финансии број 18-4349/2 од 25.05.2019 и корекција на согласноста број 18-4349/4 од 21.10.2019.

Правна поука:

Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право на Жалба во рок од 8 дена од денот на приемот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

31.01.2020 Свети Николе

J.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“

в.д. Директор